НАЦИОНАЛНАТА ГАЛЕРИЈА НА МАКЕДОНИЈА
МУЛТИМЕДИЈАЛЕН ЦЕНТАР МАЛА СТАНИЦА





# НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА НА МАКЕДОНИЈА
# МУЛТИМЕДИЈАЛЕН ЦЕНТАР
# „МАЛА СТАНИЦА“





Мултимедијалниот центар „Мала станица“ како ново културно „место“ во состав на Националната галерија на Македонија, во структурата на современо Скопје има специфична историска позадина, која на карактеристичен начин поврзува различни времиња.

Во хронолошка смисла, објектот кој што популарно е познат како „Мала станица“ претставува дел од поновата историја на изградбата на Скопје, поточно, потекнува од периодот меѓу двете светски војни. Како дел од акцијата за изградба, санација и обнова на одредени железнички станици и други објекти за потребите на железницата, во 1922 година била доградена „тесно-линејката“ – која од станицата „Горно Скопје“, попозната како „Мала станица“, преку населбата Ѓорче Петров, требала да ја овозможи врската на Скопје со Охрид и Струга. Започната уште во периодот на Првата светска војна, оваа железничка линија била завршена во 1922 година, кога е отворена последната делница во насока Гостивар-Кичево-Охрид. Оваа делница од пругата ќе биде затворена за употреба дури на 15 мај 1966 година.

Заради потребите за непречено функционирање на „Мала станица“, во тој период ќе бидат изградени и бројни придружни објекти: алатници, магацински простори и сл., во функција на нејзино непречено одржување. Еден од тие објекти е и објектот што денес е познат како „Мала станица“, изграден 1924 година, кој што претставува еден од последните такви објекти во овој дел на Скопје.

Во периодот по 1945 година, во овој објект биле сместени воени содржини на тогашната ЈНА, кои што заради нивната природа, ќе го тргнат објектот од вниманието на јавноста во еден подолг временски период. По распадот на СФРЈ и повлекувањето на ЈНА, објектот беше отстапен и

наменет за реализација на културни содржини, иако во периодот од 1991 година наваму, во отсуство на конкретни инвестициски зафати, објектот не беше ставен во целосна градежна и архитектонска кондиција за да овозможи негово претворање во соодветен „културен центар“ кој ќе промовира и афирмира културни содржини во градот.

Во периодот по 1994 година беа реализирани неколку културни настани и проекти. Тоа е времето на иницијативите за „приватен театар“ , кога во просторот на „Мала станица“ беше промовирана идејата за „културен центар“. Во периодот од 1994-1996 година, во објектот беа реализирани и неколку меѓународни проекти на СОРОС Центарот за современи уметности, но во суштина, заради бројни причини од различна природа, конкретното зафаќање со ревитализација на овој објект не се случи сè до 2002 година.





Во 2002 година, тогашното Министерство за култура донесе одлука објектот да биде наменет за „Куќа на УНЕСКО на уметностите на земјите од Југоисточна Европа“. Меѓутоа, заради повеќе пропусти во изведбата и голем број фактички незавршени позиции, објектот не можеше да ги добие очекуваните функции.

Во 2003 година, Министерството за култура повторно го актуализираше прашањето на функцијата на овој објект и ја презема обврската да го заврши објектот како мултимедијален центар при Националната галерија на Македонија. Од тој момент, до денот на свеченото отворање на објектот на 3 ноември 2005 година, беа направени и реализирани нови проекти и зафати за адаптација и пренамена на просторот, и тоа: термотехнички инсталации; изведба на дополнителни метални платформи на кровната конструкција; изведба на нови инсталациски водови; поставување на нови делови од електрични и други инсталации; завршување на ентериерот согласно новите функции.

Новите зафати за ентериерно уредување и функционална адаптација на просторот се изведени според високи стандарди за галериско работење, со подвлекување на повеќенаменската функционалност на објектот. Сегашните 2.000 $м^2$ на Мултимедијалниот центар „Мала станица“ овозможуваат реализација на висококвалитетни музејско-галериски содржини и комплексни мултимедијални проекти, со што овој објект дефинитивно се вбројува меѓу ретките од тој вид кај нас.

Постои уште една суштинска причина зошто е важно конечното ставање во функција на овој објект. Иако релативно ненаметлив според својата архитектонска концепција, која што е произлезена од неговата првична утилитарна функција, објектот „Мала станица“, од денешна перспектива претставува дел од едно специфично наследство кое не само кај нас туку посебно во светот предизвикува на многу актуелно и ангажирано промислување за продолжување на неговата функција и живот. Всушност, се работи за анимирање и ставање во функција на т.н. „индустриско наследство“ , кое што според референтните меѓународни документи и упатства претставува специфична категорија на културното наследство кон кое треба да се има и одреден режим на однесување и специфичен однос при неговото користење.

Во таа смисла, имајќи го предвид сето ова, завршувањето на работите за целосно ставање во функција на објектот „Мала станица“ и доделувањето на нови современи функции, не значи само заокружување на еден долгогодишен процес и реализација на сите досега започнати иницијативи туку и активирање и промовирање на овој објект како специфично „културно место“ .



